# МОНИТОРИНГ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈАТА

## Компаративна анализа за работењето на општините за 2006 - 2007

ИЗВЕШТАЈ

Јуни 2008

FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

ZELS

**Наслов:**

МОНИТОРИНГ НА
СПРОВЕДУВАЊЕТО НА
ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈАТА

Компаративна анализа за работењето
на општините за 2006-2007

ИЗВЕШТАЈ
Јуни 2008

**Издавач:**
Фондација Институт отворено општество-Македонија

**За издавачот:**
Владимир Милчин, Извршен директор

**Уредници:**
Фани Каранфилова-Пановска, Програмски директор за ЕУ,
Кире Миловски, Програмски асистент

**Лектура и превод од англиски:**
Абакус, Скопје

**Дизајн и печат:**
Кома-Скопје

**Тираж:**
250

CIP – Каталогизација и публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје
352.075:711Ќ : 005.584.1(497.7) „2006/07" (047)
352.073.52 :005.584.1 (497.7) „2006/07" (047)
МОНИТОРИНГ на спроведувањето на децетрализацијата : компаративна анализа на работењето на општините : извештај, јуни 2008 / Ш уредник Александрос Карвоунис ; подготовка на податоци и коментари Драган Талевски... и др.Ќ. – Скопје : Фондација Институт отворено општество – Македонија, 2008. – 81 стр. : табели ; 21 см
ISBN 978 – 9989 – 185 – 74 – 8
а) Локална самоуправа – Урбанизам – Мониторинг – Македонија – 2006 – 2007 – Извештаи
б) Локална самоуправа – финансирање – Мониторинг – 2006 – 2007 Извештаи
COBISS.MK – ID 73886730

## КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНИТЕ

Прибирање на податоци, подготовка на анализа и извештај:

| | |
|---|---|
| АЛЕКСАНДРОС КАРВОУНИС | НАДВОРЕШЕН ЕКСПЕРТ |
| ДРАГАН ТАЛЕВСКИ | БИТОЛА (локално финансирање) |
| МЕРИ ПЕТКОВСКА | БИТОЛА (урбанистичко планирање) |
| СУАД ЈАХЈА | БОГОВИЊЕ (локално финансирање) |
| БИЛЈАНА ТОФИЛОСКА | БОГОВИЊЕ (урбанистичко планирање) |
| ЕДУАРДА КАЈА | ДЕБАР (урбанистичко планирање/локално финансирање) |
| ВЕЛИКА ДИМИТРОВА | ГЕВГЕЛИЈА (локално финансирање) |
| КАТЕРИНА БЕЛКОВ | ГЕВГЕЛИЈА (урбанистичко планирање) |
| СУЗАНА ЦВЕТКОВА | КАРБИНЦИ (локално финансирање) |
| ЛИДИЈА ГЛИГОРОВА ЈАНКОВА | ШТИП-КАРБИНЦИ (урбанистичко планирање) |
| ФРЕДЕРИКА АНЧЕВА | КАРБИНЦИ (урбанистичко планирање) |
| ДАНИЦА МИЛКОВА | КАВАДАРЦИ (локално финансирање) |
| СЛАВИЦА ПЕТРОВА | КАВАДАРЦИ (урбанистико планирање) |
| АНЕТА ЈОРДАНОВСКА | КУМАНОВО (локално финансирање) |
| НАТАША ГИЕВСКА | КУМАНОВО (урбанистичко планирање) |
| МИМОЗА ПОПОВСКА | ОХРИД (урбанистичко планирање) |
| БЕЈТУЛА БАЈРАМИ | ОСЛОМЕЈ (урбанистичко планирање) |
| МЕКИНОСКИ ТОНИ | ШУТО ОРЗИРАРИ (локално финансирање) |
| ЕМАНУЕЛА ЕСМЕРОВА | ШУТО ОРИЗАРИ (локално финансирање) |
| РАДМИЛА САНДЕВА | ШТИП (локално финансирање) |
| ВЕРОН БАЈРАМИ | ТЕТОВО (локално финансирање) |
| ЗОРАН ИЛИЕВСКИ | ТЕТОВО (урбанистичко планирање) |
| МАЈА КИТАНОВСКА | ТЕТОВО (урбанистичко планирање) |


ЈУНИ 2008

# СОДРЖИНА

I Вовед ........ 7

1.1 Цели на проектот ........ 7
1.2 Системот за мониторинг на работењето ........ 7
1.3 Агрегираната база на податоци ........ 8
1.4 Цели и задачи на агрегираниот извештај ........ 9

II Анализа на работењето на општината ........ 10

2.1 Општина Битола ........ 10
2.2 Општина Боговиње ........ 10
2.3 Општина Дебар ........ 22
2.4 Општина Гевгелија ........ 28
2.5 Општина Карбинци ........ 34
2.6 Општина Кавадарци ........ 40
2.7 Општина Куманово ........ 45
2.8 Општина Охрид ........ 52
2.9 Општина Осломеј ........ 57
2.10 Општина Шуто Оризари ........ 63
2.11 Општина Штип ........ 70
2.12 Општина Тетово ........ 75

II Компаративна презентација на податоците за општините ........ 81

# I ВОВЕД

## 1.1. Цели на проектот

Целта на овој проект е ефикасен, транспарентен и партиципативен процес на спроведување на децентрализацијата преку мониторинг, изготвување извештаи и информации за јавноста за процесот на спроведување на децентрализацијата (во делот за финансирање и урбанистичко планирање), при што крајната цел е процесот на децентрализација да биде корисен и за владата (локална и централна) и за граѓаните.

Проектот беше спроведен во соработка со ЗЕЛС и 12 општини избрани за мониторинг (Боговиње, Битола, Гевгелија, Дебар, Кавадарци, Карбинци, Куманово, Осломеј, Охрид, Шуто Оризари, Тетово и Штип), Министерството за локална самоуправа, локалните НВО вклучени во проектот коишто се одговорни за изведување на мониторингот, и претставниците на специјализираната институција (или експертскиот тим) одговорен за подготвување (развивање) на методологија и за спроведување на обуката за мониторинг на реализацијата на децентрализацијата (во делот на финансии и урбанистичко планирање).

## 1.2 Системот за мониторинг на работењето

Предложената методологија за системот за мониторинг на работењето ги следи следните чекори:

1. Дизајн на систем за мониторинг и евалуација според потребите, приоритетите на политиките и постоечкиот капацитет на административната структура.
2. Избор на пакет клучни показатели кои се базираат на политиките и се соодветни на локалната самоуправа да и овозможат континуирано собирање на податоци.
3. Дизајн на база на податоци која е способна за одржување на податоците од показателите, поддржување на идното ажурирање и додавање на ставки за нови податоци од показателите.
4. Развој на постапки за тековно собирање на и управување со податоци за да се поддржат идните лонгитудинални студии, како и евалуациите на политиките.
5. Изготвување извештаи за наодите од анализата на податоците.
6. Изготвување на печатени материјали (периодични извештаи) за дисеминација на резултатите.

Што се однесува до воспоставувањето на мониторинг систем во поглед на трансферот на надлежностите од централно на локално ниво, за процесот на реализација на надлежностите во областите на финансии и урбанистичко планирање, процесот кој требаше да се следи, а се темели на погоренаведените чекори, беше:

**Задача 1:** Идентификување на областите/програма
**Задача 2:** Целта
**Задача 3:** Идентификување на показатели за инпути, аутпути, ефикасност, продуктивност итн., за областа/програмата
**Задача 4:** Утврдување на цели кои треба да се постигнат
**Задача 5:** Мониторинг
**Задача 6:** Изготвување извештаи
**Задача 7:** Анализа, препораки и натамошни акции

## 1.3 Агрегираната база на податоци

Овој извештај ги сумира резултатите од задачите за собирање и анализа на податоците. Методолошката алатка која го поддржа изведувањето на компаративната анализа на дванаесетте општини беше воспоставувањето на агрегирана база на податоци. Неа ја сочинуваат два вида на работни табели:

- компаративни работни табели
- агрегирани работни табели

Тие беа класифицирани во согласност со видот на надлежноста што е предмет на мониторингот

- УРБ
- ЛФ

Компаративните работни табели се најважните за лонгитудиналаната компаративна анализа и ја даваат реалната слика за еволуцијата на показателот на квалитативен и квантитативен начин. Компаративните работни табели се состојат од следните полиња за секој показател:

- Вреднот на показателот (2004)
- Вредност на показателот (2005)
- Вредност на показателот (2006)
- Вредност на показателот (2007)
- Оценка на еволуцијата на показателот
- Тренд
- Коментари/проблеми коишто ги навела општината
- Коментари
- Споредба со другите општини со слична големина/профил
- Препораки

Агрегираните работни табели за конкретна година ја сумираат вредноста на секој показател за сите 12 општини што учествуваат во проектот. Тоа овозможува да се спореди работењето меѓу општините. Се разбира, споредбите се прават меѓу општини со слична големина, профил и карактер.

## 1.4 Цели и задачи на агрегираниот извештај

Глваните прашања од анализата во Агрегираниот извештај (или Извештајот за компаративната анализа на работењето на општините) на кои анализата се обидува да даде одговор преку процесот на мониторинг на работењето се:

- Какво е генералното работење на секоја општина во последните 4 години (2004-2007) во областа (УРБ или ЛФ)?
- Какво е генералното работење на секоја општина пред и по децентрализацијата?
- Какво е работењето на општините во текот на 2006 и 2007 година во споредба со слични општини?
- Кој е трендот на главните показатели?
- Дали има препораки кои би го подобриле работењето?

Извештајот за компаративна анализа на работењето на општините, кој ќе се обиде да даде одговор на овие прашања, се состои од два дела:

1. **Индивидуална** анализа на работењето на општината за секоја од дванаесетте општини во периодот од 2004 до 2007 година.
2. **Компаративна** анализа на податоците за работењето на општините за сите дванаесет општини во периодот од 2004 до 2007 година.

# II АНАЛИЗА НА РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНАТА

## 2.1 ОПШТИНА БИТОЛА

### 2.1.1. Урбанистичко планирање

Во последниве четири години, општина Битола во најголем дел од показателите во областа урбанизам покажува добри резултати. Во последните две години се нагласува прецизноста и евиденцијата за работењето во речиси сите сегменти на фунцкионирање на Општина Битола. Голем број од показателите немаат податоци за работењето во периодот до 2004 година, што дава негативна слика во однос на транспарентноста на работењето на општината. Поради тоа, исто така, и тешко е да се спореди работењето пред и по децентрализацијата поради непостоењето податоци од пред децентрализацијата. Но, во последните 2 години, перформансот е значително зголемен, што значи дека Општина Битола работи на подобрување на извршувањето на своите операции.

**табела 2.1.1.**

| УРБ - Спроведување на урбанистички планови (издавање на одобрение за градење) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Шифра** | **Показател за работењето** | **Вредност на показателот (2004)** | **Вредност на показателот (2005)** | **Вредност на показателот (2006)** | **Вредност на показателот (2007)** |
| УРБ 1. Организациска поставеност | 1.1 Дали во општината има сектор/ одделение за урбанистичко планирање, заштита на животната средина и комунални работи? | не | да | да | да |
| | 1.2 Дали секторот/одделението е само за вашата општина? | не | да | да | да |
| | 1.3 Дали секторот /одделението е заедничко за 2 или повеќе општини? | да | не | не | не |
| | 1.4Дали во секторот/ одделението се вработени експерти (архитекти или градежни инженери)? | да | да | да | да |
| | 1.5 Дали секторот/ одделението се опремени со компјутерска опрема? | не | да | да | да |
| | 1.6 Дали во секторот/ одделението се користат софтверски пакети за издавање на одобренија за градење? | не | не | да | да |
| УРБ 2. Извод од урбанистички план | 2.1 Број на поднесени барања за извод од урбанистички план | 180 | 779 | 2002 | 2818 |
| | 2.2 Број на издадени изводи од урбанистички план | 150 | 779 | 1842 | 3008 |
| | 2.3 Време на издавање на извод од урбанистички план | Нема податоци | 3 | 3 | |
| | во законски рок (5 дена) | | | | 3,5. |
| | вон законски рок | Нема податоци | 0 | 30 | 15 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| УРБ 3. Решение за локациски услови | 3.1 Број на поднесени барања за решение за локациски услови | 365 | 244 | 212 | 239 |
| | 3.2 Број на позитивно решени барања/ издадени решенија за локациски услови | 334 | 225 | 197 | 235 |
| | 3.3 Број на одбиени барања/ неиздадени решенија за локациски услови | 32 | 19 | 15 | 21 |
| | 3.4 Време на издавање на решение за локациски услови | Нема податоци | 5 | 5(7) | 5 |
| | во законски рок (5 дена) | | | | |
| УРБ 4. Одобрение за градење | 4.1 Број на поднесени барања за одобрение за градење | 254 | 279 | 200 | 224 |
| | 4.2 Број на позитивно решени барања/ издадени одобренија за градење | 241 | 258 | 192 | 188 |
| | 4.3 Број на одбиени барања/ неиздадени одобренија за градење | 14 | 21 | 8 | 6 |
| | 4.4 Време на издавање на одобрение за градење | Нема податоци | 7 | 7 | |
| | во законски рок (7 дена) | | | | 7 |
| | вон законски рок | Нема податоци | 0 | 0 | 0 |
| УРБ 5. Одобрение за употреба | 5.1 Број на поднесени барања за одобрение за употреба | 3 | 5 | 14 | 22 |
| | 5.2 Број на издадени одобренија за употреба | 3 | 5 | 14 | 21 |
| | 5.3 Број на одбиени барања за одобрение за употреба | 0 | 0 | 0 | 0 |
| УРБ 6. Инспекција/ урбанистичка и градежна/ | 6.1 Број на поништени решенија за локациски услови | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | 6.2 Број на утврдени отстапувања од издаденото одобрение за градење | 2 | 2 | 2 | 8 |
| | 6.3 Број на донесени решенија за уривање на бесправно изградени објекти | 18 | 23 | 30 | 84 |

Исто така, очигледно е дека, кај најголем број на показатели за урбанистичко планирање трендот е позитивен (на пр. 2.2. Број на издадени изводи од урбанистички план, 5.2. Број на издадени одобренија за употреба), а како што минува времето процесот и структурите ќе созреваат и ќе го зголемат квалитетот и ефективноста на услугите за граѓаните.

## 2.1.2. Локално финансирање

Суштинската разлика во работењето на Општина Битола денес и во претходниот период може да се види од недостигот на досиеја и оправдување на транспарентноста на операциите во претходните години. Денес, податоци можат да се добијат без никакви проблеми за сите аспекти од работењето на Општина Битола за кои се води евиденција. Сепак, децентрализацијата е процес со политички и економски димензии кои се меѓусебно испреплетени и сè додека политичкиот процес не заврши, не може да се очекува општината да не се соочува со проблеми од економски карактер. Имајќи ги предвид податоците добиени од одделението за локално финансирање при Општина Битола, може да се заклучи дека општината активно работи на преземање на надлежностите од процесот на децентрализација. Општина Битола има солидна база и капацитети и е во можност да ги преземе сите надлежности предвидени со Законот за локална самоуправа, како и надлежностите пропишани во другите закони и пренесени од централно на локално ниво. Општина Битола има квалификуван персонал со високо образование и солидно познавање на работа со компјутери. Општината е опремена со компјутери и персонал кој знае да работи со компјутери. Ова не било случај во минатото, па затоа и недостасуваат податоци во базите на податоци од претходните години, што повеќе не е случај. На пример, во однос на наменските дотации за образование немаше податоци за 2004 и 2005 година, додека во периодот 2006/2007 година во базата на податоци се чуваат досиеја за истите. Ситуацијата е слична и со другите показатели, што укажува на позитивните аспекти од работењето во последните години. На ова поле направен е значителен напредок, но општината допрва треба да работи на комплетирање на својата опрема и унапредување на вештините на вработените во однос на квалитетно изведување на работните задачи.

Техничката опрема во општината е на задоволително ниво, иако сè уште има потреба за дополнителна опрема. Пренесените надлежности успешно и ефикасно се практикуваат во согласност со законски пропишаните крајни рокови. Иако општината располага со висококвалификуван персонал, потребна е континуирана обука за вработените државни службеници во однос на попрофесионално изведување на нивните должности. Постојат неколку области кои налагаат поажурна евиденција, како што е наплатата и присилната наплата на данокот на имот. Постоењето на ваква евиденција би ја зголемила ефикасноста на работењето на комисиите и другите органи кои го сочинуваат локалното одделение. Позитивен аспект е и фактот дека општината активно работи на решавање на релевантните проблеми во рамките на своите можности и капацитети. На крај, трендот за најголемиот број показатели е растечки, што покажува дека општинската администрација еволуира.

**табела 2.1.2.**

| ЛФ – Локално финансирање | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Шифра** | **Показател за работењето** | **Вредност на показателот (2004)** | **Вредност на показателот (2005)** | **Вредност на показателот (2006)** | **Вредност на показателот (2007)** |
| ЛФ 1. Организациска поставеност | 1.1 Дали во општината има сектор/одделение за локално финансирање? | | да | да | да |
| | 1.2 Дали секторот/одделението е само за вашата општина? | | да | да | да |
| | 1.3 Дали секторот/одделението е заедничко за 2 или повеќе општини?? | | да | да | да |
| | | | да | да | да |
| | 1.4 Дали во секторот/одделението се вработени стручни лица (економисти/сметководители/ревизори)? | | да | да | да |
| | | | да | да | да |
| | 1.5 Дали секторот/одделението е опремено со компјутерска опрема? | | | | да |
| ЛФ 2. Данок на промет на имот | 2.1 Број на даночни пријави | 1167 | 1145 | 1233 | 1429 |
| | 2.2 Просечно време потребно за издавање на решение (во законски рок од 30 дена) | 13 | 12 | 10 | 8 |
| | 2.3 Број на издадени решенија | 1167 | 1145 | 1233 | 1429 |
| | 2.4 Број на обжалени решенија | 11 | 39 | 6 | 35 |
| | 2.5 Број на позитивно решени обжалени решенија | 1 | 27 | 6 | 4 |
| ЛФ 3. Данок на имот | 3.1 Број на издадени решенија | 33.096 | 33.883 | 30.720 | 33.316 |
| | 3.2 Опфатеност на сите корисници (во проценти) | 0 | 0 | 0 | 75 |
| | 3.3 Просечен износ на данок на имот по глава на жител или по m2 имот | 231 | 300 | 279 | 278 |
| | 3.4 Број на ажурирани решенија за данок на имот | 28.865 | 28.706 | 0 | 31.650 |
| | 3.5 Наплата (во проценти) | Нема податоци | Нема податоци | Нема податоци | Нема податоци |
| | 3.6 Присилна наплата (во проценти) | Нема податоци | Нема податоци | Нема податоци | Нема податоци |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ЛФ 4. Комунална такса за истакнување на фирма | 4.1 Број на издадени решенија | 3063 | 2203 | 2891 | 4903 |
| | 4.2 Опфатеност на сите субјекти | 40 | 30 | 34 | 74,5 |
| | 4.3 Број на ажурирани решенија | 0 | 0 | 0 | 3962 |
| | 4.4 Наплата (во проценти) | 0 | 0 | 0 | 25 |
| | 4.5 Присилна наплата (во проценти) | | | | |
| ЛФ 5. Надомест за градежно уредување на земјиште | 5.1 Број на поднесени барања за пресметка | 0 | 0 | 144 | 134 |
| | 5.2 Број на издадени пресметки | 0 | 0 | 144 | 134 |
| | 5.3 Просечно време за издавање на пресметка | 3 | 3 | 2 | 3 |
| | 5.4 Број на склучени договори | 0 | 0 | 156 | 134 |
| ЛФ 6. Наменска дотација за образование | 6.1 Износот на наменската дотација за образование | 0 | 0 | 39.700.000 | 133.749.581 |
| | 6.2 Износот на реалните расходи на училиштата во согласност со Уредбата на Министерството за образование (кои трошоци се покриени со наменската дотација) | 0 | 0 | 0 | 133.749.581 |
| | 6.3 Проценет недостиг на средства за покривање/ изведување на општинската надлежност | 0 | 0 | 47.219.401 | 65.000.000 |
| ЛФ 7. Обврски на општината кон добавувачи | 7.1 Износ на вкупни обврски (во денари) | 74.884.325 | 29.374.641 | 35.580.690 | 37.651.808 |
| | 7.2 Старосна структура на обврските | | | | |
| | 7.3 Процент на учество на обврските во годишниот буџет на општината (во проценти) | 2,48 | 5,93 | 13,26 | 4 |

Од друга страна пак, во Општина Битола постојат конкретни проблематични точки присутни во целиот период на промени и децентрализација. Ова се препораки кои може да го подобрат работењето.

- Отворена (политички неоптоварена) комуникација меѓу локалната и централната влада може значително да ги реши овие жешки прашања. Генерално е познато дека за да се добијат економските бенефиции од децентрализацијата, прво треба да се постигне политичка децентрализација. Наменските дотации за училиштата можат да се посочат како проблематичен пример. Износот на наменската дотација го утврдува Министерството за образовани и потоа тој се префрла до општините, со што тие се ставаат пред завршен чин, бидејќи распределените средства не покриваат ни 50% од потребите на локално ниво. Во примерот на Општина Битола, проценетиот недостиг на средства изнесува 70%, што значи дека локалните самоуправи се доведени во безизлезна ситуација.
- Суштината на децентрализацијата е фактот дека на локалните самоуправи треба да им се дадат овластувања и одговорност за финансирање на локалните потреби на граѓаните. Во принцип, ова значи дека со цел да се обезбеди комплетна фискална автономија, потребно е локалната самоуправа да има право на утврдување и наплата на даночните стапки и даночните основици.
- Од примерот кој се однесува на наменските дотации за училишта, може да се добие впечаток дека секојдневните проблеми со кои се соочуваат локалните самоуправи и кои налагаат големо внимание, треба да бидат решени преку подобрување на комуникацијата и реакцијата на проблемот.

## 2.2 ОПШТИНА БОГОВИЊЕ

### 2.2.1. Урбанистичко планирање

Во текот на годините општината работела на одличен начин и руралниот карактер на општината не влијае на нејзиното настојување за напредок. Според мониторот, општината има капацитет да ги реши сите правно пренесени надлежности. Тоа се оправдува со фактот што пред децентрализацијата имаше заедничка конкретна структура на урбаната општина, којашто сега ја опфаќа само Општината Боговиње. Оваа структура беше опремена со човечки и технички ресурси, така што преминот од периодот пред во периодот по децентрализацијата е непречен.

**табела 2.2.1**

| УРБ - Спроведување на урбанистички планови (издавање на одобрение за градење) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Шифра** | **Показател за работењето** | **Вредност на показателот (2004)** | **Вредност на показателот (2005)** | **Вредност на показателот (2006)** | **Вредност на показателот (2007)** |
| УРБ 1. Организациска поставеност | 1.1 Дали во општината има сектор/ одделение за урбанистичко планирање, заштита на животната средина и комунални работи? | да | да | да | да |
| | 1.2 Дали секторот/ одделението е само за вашата општина? | не | да | да | да |
| | 1.3 Дали секторот/ одделението е заедничко за 2 или повеќе општини? | да | да | не | не |
| | 1.4Дали во секторот/ одделението се вработени експерти (архитекти или градежни инженери)? | да | да | да | да |
| | 1.5 Дали секторот/ одделението се опремени со компјутерска опрема? | да | да | да | да |
| | 1.6 Дали во секторот/ одделението се користат софтверскиски пакети за издавање на одобренија за градење? | да | да | да | да |
| УРБ 2. Извод од урбанистички план | 2.1 Број на поднесени барања за извод од урбанистички план | 91 | 127 | 202 | 201 |
| | 2.2 Број на издадени изводи од урбанистички план | 91 | 115 | 200 | 200 |
| | 2.3 Време на издавање на извод од урбанистички план | 15 | 15;3 | 3 | |
| | во законски рок (5 дена) | | | | 3 |
| | вон законски рок | / | / | / | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| УРБ 3. Решение за локациски услови | 3.1 Број на поднесени барања за решение за локациски услови | 91 | 107 | 184 | 139 |
| | 3.2 Број на позитивно решени барања/ издадени решенија за локациски услови | 91 | 101 | 173 | 136 |
| | 3.3 Број на одбиени барања/ неиздадени решенија за локациски услови | / | 6 | 6 | 1 |
| | 3.4 Време на издавање на решение за локациски услови | 10 | 10;3 | 3 | 3 |
| | во законски рок (5 дена) | | | | |
| УРБ 4. Одобрение за градење | 4.1 Број на поднесени барања за одобрение за градење | / | /63 | 194 | 140 |
| | 4.2 Број на позитивно решени барања/ издадени одобренија за градење | 91 | 86 | 174 | 124 |
| | 4.3 Број на одбиени барања/ неиздадени одобренија за градење | | 9 | 13 | 4 |
| | 4.4 Време на издавање на одобрение за градење | | | | |
| | во законски рок (7 дена) | | 3 | 3 | 3 |
| | вон законски рок | / | / | / | / |
| УРБ 5. Одобрение за употреба | 5.1 Број на поднесени барања за одобрение за употреба | / | /2 | 20 | 6 |
| | 5.2 Број на издадени одобренија за употреба | | 2 | 19 | 6 |
| | 5.3 Број на одбиени барања за одобрение за употреба | / | / | / | / |
| УРБ 6. Инспекција/ урбанистичка и градежна/ | 6.1 Број на поништени решенија за локациски услови | / | / | / | / |
| | 6.2 Број на утврдени отстапувања од издаденото одобрение за градење | / | / | / | / |
| | 6.3 Број на донесени решенија за уривање на бесправно изградени објекти | 59 | 33 | 63 | 71 |

Од друга страна пак, недостигаат податоци за некои показатели, како број на поништени решенија за локациски услови итн., но има значително подобрување во обезбедувањето на услугите за граѓаните, особено во однос на намаленото време потребно за издавање на конкретни документи/дозволи, како на пример времето потребно за издавање на извод од урбанистички план или времето потребно за издавање на решение за локациски услови.

Главните препораки коишто можат да го подобрат работењето на општината во полето на урбанистичко планирање се:

- Континуирана обука за вработените
- Континуирана набавка на компјутери и друга потребна опрема којашто е соодветна на потребите на општината
- Зголемена реализација на издадените решенија за рушење
- Зголемена инспекција/мониторинг на терен

## 2.2.2. Локално финансирање

Општина Боговиње како нова општина утврдена со Законот за територијална организација од 2005 година, усшпешно ги спроведува надлежностите од областа на локалното финансирање. Иако постои недостиг на персонал, тековните човечки ресурси успешно и со мали проблеми навремено ги решаваат потребите на граѓаните.

**табела 2.2.2.**

| ЛФ – Локално финансирање | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Шифра** | **Показател за работењето** | **Вредност на показателот (2004)** | **Вредност на показателот (2005)** | **Вредност на показателот (2006)** | **Вредност на показателот (2007)** |
| ЛФ 1. Организациска поставеност | 1.1 Дали во општината има сектор/одделение за локално финансирање? | НЕ | НЕ | ДА | ДА |
| | 1.2 Дали секторот/одделението е само за вашата општина? | НЕ | НЕ | ДА | ДА |
| | 1.3 Дали секторот/одделението е заедничко за 2 или повеќе општини? | НЕ | НЕ | НЕ<br>НЕ | НЕ |
| | 1.4 Дали во секторот/одделението се вработени стручни лица (економисти/сметководители/ревизори)? | НЕ | НЕ | ДА<br>ДА | ДА |
| | 1.5 Дали секторот/одделението е опремено со компјутерска опрема? | НЕ | НЕ | ДА | ДА |
| ЛФ 2. Данок на промет на имот | 2.1 Број на даночни пријави | 0 | 92 | 175 | 215 |
| | 2.2 Просечно време потребно за издавање на решение (во законски рок од 30 дена) | 0 | 0 | 10 | 10 |
| | 2.3 Број на издадени решенија | 0 | 92 | 175 | 215 |
| | 2.4 Број на обжалени решенија | 0 | 0 | 2 | 1 |
| | 2.5 Број на позитивно решени обжалени решенија | 0 | 0 | 1 | 1 |
| ЛФ 3. Данок на имот | 3.1 Број на издадени решенија | 0 | 7335 | 7335 | 3220 |
| | 3.2 Опфатеност на сите корисници (во проценти) | 0 | 52,73 | 52,73 | 100 |
| | 3.3 Просечен износ на данок на имот по глава на жител или по m2 имот | 0 | 87 | 87 | 735 |
| | 3.4 Број на ажурирани решенија за данок на имот | 0 | 7335 | 7335 | 3220 |
| | 3.5 Наплата (во проценти) | 0 | 65 | 48 | 80 |
| | 3.6 Присилна наплата (во проценти) | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ЛФ 4. Комунална такса за истакнување на фирма | 4.1 Број на издадени решенија | 0 | 649 | 649 | 541 |
| | 4.2 Опфатеност на сите субјекти | 0 | 100 | 100 | 100 |
| | 4.3 Број на ажурирани решенија | 0 | 649 | 649 | 541 |
| | 4.4 Наплата (во проценти) | 0 | 80 | 49 | 62 |
| | 4.5 Присилна наплата (во проценти) | 0 | 0 | 0 | 11 |
| ЛФ 5. Надомест за градежно уредување на земјиште | 5.1 Број на поднесени барања за пресметка | 0 | 0 | 137 | 144 |
| | 5.2 Број на издадени пресметки | 0 | 0 | 137 | 144 |
| | 5.3 Просечно време за издавање на пресметка | 0 | 0 | 2 | 2 |
| | 5.4 Број на склучени договори | 0 | 0 | 137 | 144 |
| ЛФ 6. Наменска дотација за образование | 6.1 Износот на наменската дотација за образование | 0 | 0 | 4.420.450 | 7.247.512 |
| | 6.2 Износот на реалните расходи на училиштата во согласност со Уредбата на Министерството за образование (кои трошоци се покриени со наменската дотација) | 0 | 0 | 4.420.450 | 7.247.512 |
| | 6.3 Проценет недостиг на средства за покривање/ изведување на општинската надлежност | 0 | 0 | 4,5 | 8 |
| ЛФ 7. Обврски на општината кон добавувачи | 7.1 Износ на вкупни обврски (во денари) | Општината нема обврски кон добавувачите | | | |
| | 7.2 Старосна структура на обврските | | | | |
| | 7.3 Процент на учество на обврските во годишниот буџет на општината (во проценти) | | | | |

Податоците презентирани во агрегиранатата табела и во периодичните табели водат до заклучок дека Општина Боговиње го оправдала своето постоење, иако постојат проблеми во однос на соодветен стручен персонал за подобро изведување на надлежностите кои потекнуваат од Законот за локална самоуправа и Законот за локално финансирање. Сепак, видливо е дека општината навреме и квалитетно ги извршува своите надлежности, и може да се каже дека во полето на локални финансии, општината е добро управувана. Поради недостигот на податоци навистина е тешко да се направат споредби со претходниот период и да се дојде до заклучоци кои може да резултираат во поконкретни препораки за акции кои што треба да се преземат во иднина во однос на пренесувањето нови надлежности на локално ниво. Поради тоа, мониторинг процесот – во најмала рака - треба да трае до крајот на тековниот мандат. Што се однесува до податоците собрани до сега, очигледно е дека трендот е позитивен за најголемиот број на показатели, но сè уште има одредени категории показатели без податоци, како ЛФ 7 на пример, бидејќи општината нема обврски кон добавувачите.

## 2.3 ОПШТИНА ДЕБАР

### 2.3.1. Урбанистичко планирање

Генералната оценка за работењето на Општина Дебар за периодот 2004/2007 година е дека општината работи на високо ниво. Одделенијата за урбанистичко планирање и локално финансирање се опремени со нови компјутери и квалификуван персонал кој им помага на сите граѓани во однос на нивните потреби. Крајните рокови беа скратени, а одговорите на поднесените барања се добиваат во пократок временски период.

Може само да се спомене дека добивањето податоци за 2004 година беше проблематично, бидејќи општинската зграда беше уништена во пожар, па затоа нема податоци. Општината покажа висок степен на ефикасност и точност во 2006/07 година, посебно во периодот на децентрализација кој се покажал како корисен за луѓето, бидејќи тие можат да ги исполнат сите свои потреби без многу тешкотии, каков што беше случајот во периодот пред процесот на децентрализација кога чекаа со месеци за да добијат одговор за еден документ. Исто така, може да се каже и дека утврдениот краен рок за издавање на извадок од урбанистички план – барањето требало да се поднесе до секторот во Дебар, а тие после го испраќале документот во Скопје, па потоа го добивале одговорот – што значи дека постапката била многу долга за клиентите.

**табела 2.3.1.**

| УРБ - Спроведување на урбанистички планови (издавање на одобрение за градење) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Шифра** | **Показател за работењето** | **Вредност на показателот (2004)** | **Вредност на показателот (2005)** | **Вредност на показателот (2006)** | **Вредност на показателот (2007)** |
| УРБ 1. Организациска поставеност | 1.1 Дали во општината има сектор/ одделение за урбанистичко планирање, заштита на животната средина и комунални работи? | да | да | да | да |
| | 1.2 Дали секторот/ одделението е само за вашата општина? | не | не | да | да |
| | 1.3 Дали секторот/ одделението е заедничко за 2 или повеќе општини? | да | да | не | не |
| | 1.4Дали во секторот/ одделението се вработени експерти (архитекти или градежни инженери)? | да | да | да | да |
| | 1.5 Дали секторот/ одделението се опремени со компјутерска опрема? | да | да | да | да |
| | 1.6 Дали во секторот/ одделението се користат софтверскиски пакети за издавање на одобренија за градење? | не | не | да | да |
| УРБ 2. Извод од урбанистички план | 2.1 Број на поднесени барања за извод од урбанистички план | 103 | 102 | 50 | 42 |
| | 2.2 Број на издадени изводи од урбанистички план | 101 | 104 | 50 | 42 |
| | 2.3 Време на издавање на извод од урбанистички план | 5 | 5 | 5 | 5 |
| | во законски рок (5 дена) | | | | |
| | вон законски рок | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| УРБ 3. Решение за локациски услови | 3.1 Број на поднесени барања за решение за локациски услови | 79 | 55 | 51 | 39 |
| | 3.2 Број на позитивно решени барања/ издадени решенија за локациски услови | 80 | 47 | 50 | 39 |
| | 3.3 Број на одбиени барања/ неиздадени решенија за локациски услови | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | 3.4 Време на издавање на решение за локациски услови | 5 | 5 | 5 | 5 |
| | во законски рок (5 дена) | | | | |
| УРБ 4. Одобрение за градење | 4.1 Број на поднесени барања за одобрение за градење | 100 | 68 | 45 | 19 |
| | 4.2 Број на позитивно решени барања/ издадени одобренија за градење | 90 | 54 | 42 | 19 |
| | 4.3 Број на одбиени барања/ неиздадени одобренија за градење | 0 | 0 | 1 | 0 |
| | 4.4 Време на издавање на одобрение за градење | 5 | 5 | 5 | 5 |
| | во законски рок (7 дена) | | | | |
| | вон законски рок | 0 | 0 | 0 | 0 |
| УРБ 5. Одобрение за употреба | 5.1 Број на поднесени барања за одобрение за употреба | 25 | 34 | 28 | 14 |
| | 5.2 Број на издадени одобренија за употреба | 28 | 33 | 28 | 14 |
| | 5.3 Број на одбиени барања за одобрение за употреба | 0 | 0 | 0 | 0 |
| УРБ 6. Инспекција/ урбанистичка и градежна/ | 6.1 Број на поништени решенија за локациски услови | 0 | 0 | 33 | 0 |
| | 6.2 Број на утврдени отстапувања од издаденото одобрение за градење | 41 | 30 | 33 | 0 |
| | 6.3 Број на донесени решенија за уривање на бесправно изградени објекти | 0 | 0 | 84 | 0 |

Процесот на децентрализација е на напредно ниво и за клиентите и за општинските службеници, кои имаат професионални вештини и се опремени со компјутери, па оттука целата постапка е скратена. Од 12 пилот општини во Македонија, според бројот на населението, Општина Дебар може да се спореди со руралната општина Осломеј-Кичево бидејќи другите општини се поголеми, и нема друга општина со која би можела да се спореди. Споредбените податоци може да се најдат во последната глава 3 – Компаративна анализа на општините, табели 3.1. – 3.4.

## 2.3.2. Локално финансирање

Од 2006 година во општината постои посебно ново одделение за оваа надлежност што го олеснува процесот на децентрализација и има опипливи резултати. На пример, опфатот на сите корисници за данок на имот е блску до 100% во 2007, додека пак во 2004/05 изнесуваше приближно 75%. Очигледно е дека пред децентрализацијата имаше многу проблеми во поглед на решавањето на потребите на граѓаните. Процесот на децентрализација покажува огромна ефикасност за сите заинтересирани страни и ги скрати процедурите што општинските службеници ги користат без никакви тешкотии. Можеме да заклучиме дека преку ананлизата на податоците за 2006/07 во Општина Дебар, бројот на барања што ги поднесуваат граѓаните на годишно ниво се зголемува, што значи дека процесот на децентрализација во оваа пилот општина е на напредно ниво бидејќи граѓаните се добро информирани од страна на општинските службеници. Трендот на главните показатели на секторите урбанизам и финансии е многу добар.

**табела 2.3.2.**

| ЛФ – Локално финансирање | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Шифра** | **Показател за работењето** | **Вредност на показателот (2004)** | **Вредност на показателот (2005)** | **Вредност на показателот (2006)** | **Вредност на показателот (2007)** |
| ЛФ 1. Организациска поставеност | 1.1 Дали во општината има сектор/одделение за локално финансирање? | ДА | ДА | ДА | ДА |
| | 1.2 Дали секторот/одделението е само за вашата општина? | НЕ | НЕ | ДА | ДА |
| | 1.3 Дали секторот/одделението е заедничко за 2 или повеќ е општини? | ДА | ДА | НЕ | НЕ |
| | 1.4 Дали во секторот/одделението се вработени стручни лица (економисти/сметководители/ревизори)? | ДА | ДА | ДА | ДА |
| | 1.5 Дали секторот/одделението е опремено со компјутерска опрема? | ДА | ДА | ДА | ДА |
| ЛФ 2. Данок на промет на имот | 2.1 Број на даночни пријави | 107 | 157 | 183 | 146 |
| | 2.2 Просечно време потребно за издавање на решение (во законски рок од 30 дена) | 5 | 5 | 5 | 5 |
| | 2.3 Број на издадени решенија | 107 | 157 | 183 | 146 |
| | 2.4 Број на обжалени решенија | 4 | 0 | 2 | 0 |
| | 2.5 Број на позитивно решени обжалени решенија | 4 | 0 | 1 | 0 |
| ЛФ 3. Данок на имот | 3.1 Број на издадени решенија | 3200 | 3230 | 3185 | 3185 |
| | 3.2 Опфатеност на сите корисници (во проценти) | 75 | 75 | 100 | 95 |
| | 3.3 Просечен износ на данок на имот по глава на жител или по m2 имот | 2.500.000 | 3.000.000 | 77 | 1750 |
| | 3.4 Број на ажурирани решенија за данок на имот | 3,011 | 3,1 | 3185 | 3185 |
| | 3.5 Наплата (во проценти) | 45 | 50 | 45 | 70 |
| | 3.6 Присилна наплата (во проценти) | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ЛФ 4. Комунална такса за истакнување на фирма | 4.1 Број на издадени решенија | 550 | 521 | 458 | 450 |
| | 4.2 Опфатеност на сите субјекти | 75 | 75 | 100 | 100 |
| | 4.3 Број на ажурирани решенија | 410 | 390 | 458 | 450 |
| | 4.4 Наплата (во проценти) | 55 | 55 | 30 | 65 |
| | 4.5 Присилна наплата (во проценти) | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ЛФ 5. Надомест за градежно уредување на земјиште | 5.1 Број на поднесени барања за пресметка | 20 | 24 | 30 | 25 |
| | 5.2 Број на издадени пресметки | 20 | 24 | 30 | 25 |
| | 5.3 Просечно време за издавање на пресметка | 2 | 3 | 2 | 3 |
| | 5.4 Број на склучени договори | 19 | 25 | 29 | 25 |
| ЛФ 6. Наменска дотација за образование | 6.1 Износот на наменската дотација за образование | 0 | 2.658.190 | 7.604.892 | 38.465.917 |
| | 6.2 Износот на реалните расходи на училиштата во согласност со Уредбата на Министерството за образование (кои трошоци се покриени со наменската дотација) | 0 | 4.000.000 | 10.000.000 | 1.000.000 |
| | 6.3 Проценет недостиг на средства за покривање/ изведување на општинската надлежност | 1.500.000 | 2.500.000 | 300 | 300.000 |
| ЛФ 7. Обврски на општината кон добавувачи | 7.1 Износ на вкупни обврски (во денари) | 28.000 | 32.000 | 53.000 | 77.000 |
| | 7.2 Старосна структура на обврските | | | | 77.000 |
| | 7.3 Процент на учество на обврските во годишниот буџет на општината (во проценти) | 0 | 242 | 259 | 63 |

# 2.4 ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

## 2.4.1. Урбанистичко планирање

Општина Гевгелија работи успешно во последниве четири години во поглед на показателите за урбанистичко планирање. Тоа е очигледно преку агрегираната слика за еволуцијата на показателите за периодот 2004-2007, а и од индивидуалните анализи на секој показател. На пример, показателот за изводи од урбанистички план функционира извонредно. Постои видлив тренд на значително зголемување кај бројот на поднесени барања, како и голем процент на издадени изводи од урбанистички план.

**табела 2.4.1.**

| УРБ – Спроведување на урбанистички планови (издавање одобрение за градење) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Шифра** | **Показател за работењето** | **Вредност на показателот (2004)** | **Вредност на показателот (2005)** | **Вредност на показателот (2006)** | **Вредност на показателот (2007)** |
| УРБ 1. Организациска поставеност | 1.1 Дали во општината има сектор/ одделение за урбанистичко планирање, заштита на животната средина и комунални работи? | да | да | да | да |
| | 1.2 Дали секторот/ одделението е само за вашата општина? | не | не | да | да |
| | 1.3 Дали секторот/ одделението е заедничко за 2 или повеќе општини? | да | да | не | не |
| | 1.4Дали во секторот/ одделението се вработени експерти (архитекти или градежни инженери)? | да | да | да | да |
| | 1.5 Дали секторот/ одделението се опремени со компјутерска опрема? | да | да | да | да |
| | 1.6 Дали во секторот/ одделението се користат софтверскиски пакети за издавање на одобренија за градење? | не | не | не | не |
| УРБ 2. Извод од урбанистички план | 2.1 Број на поднесени барања за извод од урбанистички план | 95 | 192 | 256 | 315 |
| | 2.2 Број на издадени изводи од урбанистички план | 90 | 180 | 258 | 307 |
| | 2.3 Време на издавање на извод од урбанистички план | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | во законски рок (5 дена) | 5 | 5 | 5 | 5 |
| | вон законски рок | 10 | 10 | 10 | 10 |
| УРБ 3. Решение за локациски услови | 3.1 Број на поднесени барања за решение за локациски услови | 128 | 117 | 139 | 126 |
| | 3.2 Број на позитивно решени барања/ издадени решенија за локациски услови | 107 | 105 | 129 | 79 |
| | 3.3 Број на одбиени барања/ неиздадени решенија за локациски услови | 21 | 12 | 10 | 47 |
| | 3.4 Време на издавање на решение за локациски услови | | | | |
| | во законски рок (5 дена) | 5 | 5 | 5 | 5 |
| УРБ 4. Одобрение за градење | 4.1 Број на поднесени барања за одобрение за градење | 134 | 108 | 161 | 102 |
| | 4.2 Број на позитивно решени барања/ издадени одобренија за градење | 114 | 91 | 119 | 50 |
| | 4.3 Број на одбиени барања/ неиздадени одобренија за градење | 20 | 17 | 42 | 52 |
| | 4.4 Време на издавање на одобрение за градење | | | | |
| | во законски рок (7 дена) | 7 | 7 | 7 | 7 |
| | вон законски рок | 10 | 10 | 10 | 10 |
| УРБ 5. Одобрение за употреба | 5.1 Број на поднесени барања за одобрение за употреба | 14 | 11 | 13 | 24 |
| | 5.2 Број на издадени одобренија за употреба | 14 | 10 | 13 | 20 |
| | 5.3 Број на одбиени барања за одобрение за употреба | 0 | 1 | 0 | 4 |
| УРБ 6. Инспекција/ урбанистичка и градежна/ | 6.1 Број на поништени решенија за локациски услови | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | 6.2 Број на утврдени отстапувања од издаденото одобрение за градење | 2 | 7 | 6 | 27 |
| | 6.3 Број на донесени решенија за уривање на бесправно изградени објекти | 38 | 21 | 28 | 18 |

- Показателите кои се однесуваат на спроведувањето на урбанистичките планови: решение за локациски услови, градежна дозвола и дозвола за употреба, покажуваат видлив тренд на намалување во 2005 година и зголемување во 2006 година, па повторно намалување во 2007 година за првите два показатели. Помалите вредности на показателите за 2005 година се должат да процесот на децентрализација. Имено, општините Дојран и Богданци претходно ги користеле услугите на одделението за урбанистичко планирање на Општина Гевгелија до јуни 2005 година, а потоа тие добиле сопствени соодветни служби. Зголемувањето во 2006 година е резултат на постоењето на релативно голем број на нелегално изградени објекти на територијата на Општина Гевгелија, на чиишто сопственици им се даде можност да ги легализираат до крајот на годината. Показателот за дозвола за употреба покажува позитивен тренд на зголемување во 2007 година.
- Во полето на урбанистичката инспекција, показателот за донесени одлуки за рушење на нелегално изградените објекти покажува зголемување во 2006 година и намалување во 2007 година. Показателот за отстапувања од издадената градежна дозвола покажува значително зголемување на бројката во 2007 година, што укажува на градежна работа во спротивност со прописите и е важен проблем кој во иднина мора да се надмине.
- Во однос на крајниот рок за издавање решенија/дозволи, во најголемиот број од случаите истиот се почитува што укажува на ефикасноста на службата.

## 2.4.2. Локално финансирање

Агрегираната база на податоци и податоците добиени врз основа на показателите покажуваат дека Општина Гевгелија располага со стручни службеници, одлична техничка подготовка и квалитетна база на податоци, што укажува на нејзината подготвеност и високото ниво на експертиза за извршување на делегираните надлежности. Како заклучок на сите претходни податоци добиени во текот на процесот на мониторинг во полето на локално финансирање, може да се нагласи дека општинските служби во Гевгелија имаат капацитет, експертиза, техничка поддршка и човечки ресурси за извршување на активностите во полето коешто е предмет на мониторинг. Тие располагаат со комплетна база на податоци за даночните обврзници за данок на имот и прават напори за постигнување на целосна опфатеност на сите даночни обврзници. Службите се комплетно оспособени за навремено и квалитетно извршување на надлежностите во полето на собирање на комуналните такси, данокот на имот, итн.

**табела 2.4.2.**

| ЛФ – Локално финансирање | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Шифра** | **Показател за работењето** | **Вредност на показателот (2004)** | **Вредност на показателот (2005)** | **Вредност на показателот (2006)** | **Вредност на показателот (2007)** |
| ЛФ 1. Организациска поставеност | 1.1 Дали во општината има сектор/одделение за локално финансирање? | да | да | да | да |
| | 1.2 Дали секторот/одделението е само за вашата општина? | да | да | да | да |
| | 1.3 Дали секторот/одделението е заедничко за 2 или повеќ е општини? | не | не | не | не |
| | 1.4 Дали во секторот/одделението се вработени стручни лица (економисти/сметководители/ревизори)? | да | да | да | да |
| | 1.5 Дали секторот/одделението е опремено со компјутерска опрема? | да | да | да | да |
| ЛФ 2. Данок на промет на имот | 2.1 Број на даночни пријави | 474 | 316 | 488 | 370 |
| | 2.2 Просечно време потребно за издавање на решение (во законски рок од 30 дена) | 3 | 5 | 15 | 15 |
| | 2.3 Број на издадени решенија | 474 | 316 | 488 | 370 |
| | 2.4 Број на обжалени решенија | нема | нема | 10 | 9 |
| | 2.5 Број на позитивно решени обжалени решенија | нема | нема | 2 | нема |
| ЛФ 3. Данок на имот | 3.1 Број на издадени решенија | 4256 | 4302 | 6230 | 5531 |
| | 3.2 Опфатеност на сите корисници (во проценти) | 100% | 100% | 100% | 100% |
| | 3.3 Просечен износ на данок на имот по глава на жител или по m2 имот | 4256 | 4302 | 3689 | 4156 |
| | 3.4 Број на ажурирани решенија за данок на имот | нема | нема | 500 | 120 |
| | 3.5 Наплата (во проценти) | 39% | 29% | 59% | 101,6% |
| | 3.6 Присилна наплата (во проценти) | 0 | 0 | нема | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ЛФ 4. Комунална такса за истакнување на фирма | 4.1 Број на издадени решенија | 2124 | 2124 | 1698 | 1598 |
| | 4.2 Опфатеност на сите субјекти | 100% | 100% | 100% | 100% |
| | 4.3 Број на ажурирани решенија | none | none | 196 | 211 |
| | 4.4 Наплата (во проценти) | 24% | 24,6% | 39% | 85% |
| | 4.5 Присилна наплата (во проценти) | 3,4% | 3,1% | нема | нема |
| ЛФ 5. Надомест за градежно уредување на земјиште | 5.1 Број на поднесени барања за пресметка | 166 | 171 | 237 | 105 |
| | 5.2 Број на издадени пресметки | 166 | 171 | 237 | 105 |
| | 5.3 Просечно време за издавање на пресметка | 3 | 3 | 4 | 4 |
| | 5.4 Број на склучени договори | 69 | 60 | 49 | 105 |
| ЛФ 6. Наменска дотација за образование | 6.1 Износот на наменската дотација за образование | | 5.224.274.00 | 9.609.970.00 | 7.417.122.00 |
| | 6.2 Износот на реалните расходи на училиштата во согласност со Уредбата на Министерството за образование (кои трошоци се покриени со наменската дотација) | | Нема податоци | | |
| | 6.3 Проценет недостиг на средства за покривање/изведување на општинската надлежност | | | | |
| ЛФ 7. Обврски на општината кон добавувачи | 7.1 Износ на вкупни обврски (во денари) | | | | |
| | 7.2 Старосна структура на обврските | | | | |
| | 7.3 Процент на учество на обврските во годишниот буџет на општината (во проценти) | | | | |

Имајќи го предвид фактот дека пренесените надлежности претходно беа администрирани од страна на Регионалната канцеларија на Управата за јавни приходи и дека од 2005 година тие се преземени од страна на Општина Гевгелија заедно со базата на податоци на УЈП, може да се каже дека општината покажува солидно извршување на овие надлежности и покажува продолжување на квалитетното работење. Административните служби во Општина Гевгелија се солидно подготвени за навремено решавање на даночните пријави, како и за квалитетно преземање на одговорноста во однос на администрирањето на овој данок

Општината има солидна медиумска и други кампањи за афирмација на наплата на овој данок, како и инсрументи за негово редовно собирање. Кога станува збор за овој данок, може да се каже дека во текот на 2007 година, собрани се 101,6% од данокот на имот во однос на предвидениот општински приход по овој основ.

Главниот тренд се гледа од показателите и тој покажува дека општината добро ги извршува своите делегирани надлежности.

- Како препорака Општина Гевгелија треба да продолжи со истото темпо, бидејќи само со навремено, стручно и квалитетно извршување на работните должности, нејзините граѓани ќе бидат задоволни со услугите што ги нуди.

Како генерален заклучок може да се каже дека Општина Гевгелија во последните 4 години функционира многу добро во полето на урбанистичко планирање. Ова е посебно изразено во периодот по започнувањето на процесот на децентрализација и е видливо преку зголемената ефектвност и ажурната работа на службата, што значи подобрен квалитет на услугите што се обезбедуваат за граѓаните. Сето ова укажува на способноста на одделението за преземање и организирање на новите надлежности и надлежности коишто потекнуваат од децентрализацијата.

## 2.5 ОПШТИНА КАРБИНЦИ

### 2.5.1. Урбанистичко планирање

Карбинци е типичен пример за општина каде овој процес е обележан со значителен напредок, посебно по 2005 година. Имајќи ја предвид генералната ситуација во полето на урбанстичкото планирање пред 2005 година, се добива впечаток дека оваа општина едвај го сфаќа значењето на поимот децентрализација, и денес таа е делумно децентрализирана општина која се стреми кон комплетна децентрализација. Ова значи дека постои позитивен тренд, како и успешен процес на децентрализација. Треба да се нагласи дека денес работата на инспекциските служби и нивното присуство е значително зголемено, како и постоењето на документите потребни на заинтересираните страни со цел да започнат со градежните работи. Главните проблеми се јавуваат во однос на старите урбанистички планови коишто не се усогласени со тековните (поради фактот дека се потребни огромни финансиски средства за изработка на нови планови од страна на Агенцијата за просторно планирање и развој), отсуство на документи (како што се документи за сопственоста на земјиштето и слични), особено за објектите кои се изградени пред 1968 година, како и висока стапка на невработеност, мали приходи, сиромаштија, нелегални градби кои сè уште ги има во голем број. Нагласено беше дека руралните општини треба да имаат посебен статус во однос на правните норми и прописи, како и стандардите коишто треба да се разликуваат од оние кои се применуваат за урбаните општини.

табела 2.5.1.

| УРБ – Спроведување на урбанистички планови (издавање одобрение за градење) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Шифра** | **Показател за работењето** | **Вредност на показателот (2004)** | **Вредност на показателот (2005)** | **Вредност на показателот (2006)** | **Вредност на показателот (2007)** |
